20262594619

АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Врз основа на член 74 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/19, 155/2024 и 212/2026), Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПРЕМЕР НА НЕДВИЖНОСТИ

Член 1

Во Правилникот за премер на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ број 121/13, 169/13, 95/15, 128/15, 157/16, 176/16, 195/16, 135/17, 41/18, 48/19, 183/19, 265/20, 69/21, 83/21, 252/21, 142/22, 52/23 и 232/23), во членот 19, по ставот (9) се додава нов став (10) кој гласи:

„(10) При промена на катастарската култура од земјоделско земјиште во вештачки неплодно земјиште согласно донесен урбанистички план, односно урбанистичко планска документација, а на кое претходно се запишани објекти кои се користат за земјоделски цели, земјиштето под објект се испишува како земјиште под објект „зпо“, а преостанатиот дел од земјиштето се означува со шифра - градежно изградено земјиште „гиз“.“

Ставовите (10), (11), (12) и (13) стануваат ставови (11), (12), (13) и (14).

Член 2

Во членот 23 во ставот (1) во намената Ф, зборовите „-Објекти на земјоделско земјиште:“ се заменуваат со зборовите „-Објекти кои се користат за земјоделски цели:“.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 0101-12412/1
30 октомври 2026 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Миладин Наумоски, с.р.